# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 28 | 14.12.2018 година |
|---|---|



**СОДРЖИНА**



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ; | |
| Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ; | |
| Решение за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година ; | |
| Одлуката за прифаќање на Иницијативата за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7089/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 30 и 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96...64/2018), член 483 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на РМ„ бр.28/04...61/2016), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

Член 1

Советот на Општина Кавадарци дава согласност на Одлука бр.02-1573/4 од 13.12.2018 година донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-7022/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2018 година** **Претседател**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 02-1573/4
13.12 2018 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 и член 30 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015,61/2015, 39/2016 и 64/2018 ) и член 22 од Статутот на ЈП Комуналец – Кавадарци, Управниот одбор на седницата на ден 13.12.2018 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка)на ЈП Комуналец Кавадарци од минати години**

**Член 1**

Се усвојува иницијативата-барањето на Општина Кавадарци за распределување на акумулираната добивка (нераспределена добивка) од минати години,бр.09-7032 од 13.12.2018 година а кои не се опфатени со вложувања во јавното претпријатие со инвестициона програма во корист на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Акумулираната добивка (нераспределената добивка) во износ од 200.000.000,оо денари и тоа
-износ од 16.650.648,оо денари до 2008 година
-износ од 14.560.925,оо денари за 2009 година
-износ од 60.966.256,оо денари за 2010 година
-износ од 42.543.877,оо денари за 2011 година
-износ од 29.158.312,оо денари за 2012 година
-износ од 15.718.847,оо денари за 2013 година
-износ од 20.401.135,оо денари од 2014 до 2016 година

Се распределува на сметка на Општина Кавадарци со намена за вршење дејност од јавен интерес но во зависност од солвентноста односно ликвидноста на ЈП Комуналец Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на давањето на согласност од страна на Совет на Општина Кавадарци.

ЈП Комуналец - Кавадарци
Управен одбор
Претседател

/м.р. Марјан Павлов/

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијативата за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-7089/2**
**14.12.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 14.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Иницијативата за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци ја прифаќа Иницијативата бр.22-7041/1 од 13.12.2018 година од Комисијата за процена на недвижен имот, за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година за физички лица и правни лица за 2019 година во висина од 20.000.000,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-7022/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**14.12.2018 година Претседател**
**К а в а д а р ц и Ристо Сакалиев**

Република Македонија
Општина Кавадарци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 22-7041/1
13.12. 2018 год.
КАВАДАРЦИ

# Иницијатива од Комисијата за процена на недвижен имот за зголемување на вкупното даночно задолжување на данокот на имот за 2019 година

Општина Кавадарци води регистар на недвижен имот на подрачјето на град Кавадарци и селата во Општина Кавадарци.

Регистар на недвижен имот е база на податоци што ги води Општината во согласност со Законот за општа управна постапка кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите , вредноста на имотот, даночните стапки и решенијата за данок на имот. Опфатени се сите објекти кои се запишани во евиденцијата на АКН.

Даночната обврска за данок на имот настанува со денот на стекнување на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпочнување на користење на имотот од обврзникот на данокот.

По иницијатива на даночниот обврзник врз основа на донесена даночна пријава се врши поединечно усогласување и дополнување на регистарот на недвижен имот кој го води Општина Кавадарци со регистарот на недвижен имот со кој располага Агенцијата за катастар на недвижности на Р.Македонија.

Оваа година на териритиријата на Општина Кавадарци се изврши репроценка со ажурирање на базата на податоци на целокупниот недвижен имот, усогласена со евиденцијата која ја води Агенцијата за катастар на недвижности на Р.М и со Одлуката бр. 08-1608/6 од 05.05.2017 година за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недзижен имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и селата во Општина Кавадарци донесена од Советот на Општина Кавадарци.

Врз основа на извршената репроценка и ажурирање и усогласување со евиденцијата на даночните обврзници на недвижниот имот, има годишно зголемување на данокот на имот за физички и правни лица.

Бројот на даночни обврзници кај физички лица заклучно до 31.12.2017 год. изнесуваше 10.770, а во 2018 година се зголеми на 14.218, а кај правни лица од 151 во 2017 година на 307 даночни обврзници во 2018 година.

Како резултат на зголемувањето на бројот на даночни обврзници и со процена на вредноста на недвижноста, дојде до зголемување на данокот на имот за 20.000.000, денари.

Општинската администрација користи податоци за запишаните недвижности од АКН

Република Македонија
Општина Кавадарци

кои се јавно достапни на интернет, унифицирани по називи на улици, прочистени по типови на објекти.

Согласно член 27 од Законот за даноци, данокот на имот се утврдува врз основа на податоците од даночната пријава, деловните книги на обврзниците и другите податоци со кои располага Општината, а согласно член 39, став 2, Општината редовно ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистерот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности.

Имајќи во предвид се горенаведеното, Комисијата покренува иницијатива за зголемување на вкупното даночно задолжување по основ на данокот на имот на физички лица и данокот на имот на правни лица за 2019 година во висина од 20.000.000,оо ден. Со тоа, очекуваните приходи по основ на данокот на имот на физички и правни лица за 2019 година да се предвидат на ниво од 49.000.000,оо ден., што е за 20.000.000,оо ден. повисоко од претходните години.

**Комисија за процена на недвижен имот**

Среќна Темелкова__________
Глигорчо Недев __________
Нада Тренчева __________